ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2015 - 31.12.2015

Вкупните приходи забележаа раст од 21% односно зголемување за 226,5 мил. денари. Растот се должи на зголемените приходи генерирани од домашниот пазар (за 8%) и од странските пазари (за 40%).

Бруто добивката бележи пораст од 22%.

Значителниот пораст во приходите од продажба и зголемената добивка се должи на интегрирањето на операциите во Р. Србија, и за првпат нивно прикажување во консолидираните финансиски извештаи на ВВ Тиквеш.

Зголемувањето на трошоците за продажба и маркетинг (дистрибуција) и останатите оперативни расходи во вкупна вредност од 162.3 мил. денари и зголемените останати оперативни приходи во вредност од 55,7 мил. денари резултираа со оперативна добивка од 107,4 мил. денари. Ова претставува намалување за 8% односно за 9,5 мил. денари.

Финансиските расходи се намалени за 1,3 мил. денари, што се ефектуира со консолидирана добивка пред оданочување за 2015 година на износ од 34,6 мил. денари.